С Л У Ж Б Е Н Г Л А С Н И К
НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

Службен гласник на Општина Велес
Излегува по потреба

Број 11 година XLIV

02 септември 2009

202.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Велес за I и II квартал 2009 година

Се објавува Заклучокот за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Велес за I и II квартал 2009 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 27.08.2009 година.

Број 08-3671/1
02.09.2009 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 27.08.2009 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Велес за I и II квартал 2009 година

1. Советот на Општина Велес го усвои Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Велес за I и II квартал 2009 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-3624/2
31.08.2008 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

203.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за симнување на точка од дневен ред

Се објавува Заклучокот за симнување на точка од дневен ред Точка 2: Предлог-одлука за донесување на изменување и дополнување на Генерален урбанистички план на град Велес, дел од УЕ „6“, УБ „36“ (2009-20019) – Општина Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 27.08.2009 година.

Број08-3671/2
02.09.2009 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 27.08.2009 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за симнување на точка од дневен ред

1. Точката 2 од предложениот дневен ред: - Предлог-одлука за донесување на изменување и дополнување на Генерален урбанистички план за град Велес, дел од УЕ„6“, УБ „36“ (2009-20019) – Општина Велес, беше симната од дневниот ред на

самата седница на Советот на Општина Велес.

2. Предлог-одлуката ќе биде ставена на дневен ред на една од наредните седници на Советот на Општина Велес.

3. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“

Број 07-3624/3
31.08.2009 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

204.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесе

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за изменување и дополнување на Генерален урбанистички план на град Велес, дел од УЕ „7“, УБ „42“ (2008-2018) Општина Велес

Се објавува Одлуката за донесување на изменување и дополнување на Генерален урбанистички план на грен Велес, дел од УЕ „7“, УБ „42“ (2008-2018) Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 27.08.2009 година.

Број08-3671/3
02.09.2009 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 26, став 5, алинеа 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ” бр.51/05 ,137/07 и 91/09) член 22, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ”бр.5/02) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес” бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 27.08.2009 година
Донесе

ОДЛУКА
за Донесување на Изменување и дополнување на Генерален урбанистички план на град Велес, дел од УЕ „7”, УБ „42” (2008-2018)-општина Велес

Член 1

Со оваа Одлука се врши Изменување и дополнување на Генерален урбанистички план на град Велес, дел од УЕ „7”, УБ „42” (2008-2018)-општина Велес Измената и дополнувањето на ГУП е во согласност со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање („Службен весник на РМ”бр.78/06 ,140/07 и 12/09)и Правилник за поблиската содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови („Службен весник на РМ”бр.78/06).

Член 2

Просторот за кој се врши Изменување и дополнување на Генерален урбанистички план на град Велес, дел од УЕ „7”, УБ „42” (2008-2018)-општина Велес е со површина на урбано подрачје од 19,27ха.

Член 3

Составен дел на оваа Одлука е:

Текстуален дел и графички дел со параметри за спроведување на Изменување и дополнување на Генерален урбанистички план на град Велес, дел од УЕ „7”, УБ „42” (2008-2018)-општина Велес. Согласност од Министерството за транспорт и врски-Скопје.

Извештај од стручната расправа по нацрт Изменување и дополнување на Генерален урбанистички план на град Велес, дел од УЕ „7”, УБ „42” (2008-2018)- општина Велес.

Член 4

За Изменување и дополнување на Генерален урбанистички план на град Велес, дел од УЕ „7”, УБ „42” (2008-2018)-општина Велес добиена е Согласност од Министерството за транспорт и врски – Скопје број 16-8072/2 од 20.07.2009 година.

Член 5

Изменување и дополнување на Генерален урбанистички план на град Велес, дел од УЕ „7”, УБ „42” (2008-2018)-општина Велес го потпишува и заверува Претседателот на Советот на Општина Велес во 7 (седум) примероци од кои еден примерок се чува во архивот на Општината, еден кај Секторот за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина при Општина Велес, еден во Државниот архив на РМ подрачно одделение Велес, еден во Министерството за транспорт и врски во електронски формат, еден во Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам - Скопје, еден во Агенција за катастар и недвижности и еден примерок се изложува во просториите на Општина Велес за достапност на јавноста.

Член 6

Изменување и дополнување на Генерален урбанистички план на град Велес, дел од УЕ „7”, УБ „42” (2008-2018)-општина Велес го спроведува Секторот за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина при Општина Велес.

Член 7

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Велес”.

Број 07-3624/4
31.08.2009 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

205.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за симнување на точка од дневен ред

Се објавува Заклучокот за симнување на точка од дневен ред – Точка 4: Предлог-одлука за донесување Детален урбанистички план за локалитет „9ти Ноември“ во Велес (помеѓу ул.„Б.Ѓорев“, „Т.Јанев“, пешачка улица „8ма Велешка бригада“), (2007-2012) Општина Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 27.08.2009 година.

Број 08-3671/4
02.09.2009 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 27.08.2009 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за симнување на точка од дневен ред

1. Точката 4 од предложениот дневен ред: - Предлог-одлука за донесување на Детален урбанистички план за локалитет „9-ти Ноември“ во Велес (помеѓу ул.„Б.Ѓорев“, „Т.Јанев“, пешачка улица „8-ма Велешка бригада“) (2007-2012) – Општина Велес, беше симната од дневниот ред на самата седница на Советот на Општина Велес.

2. Предлог-одлуката ќе биде ставена на дневен ред на една од наредните седници на Советот на Општина Велес.

3. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“

Број 07-3624/5
31.08.2009 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

206.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за утврдување на Нацрт Детален урбанистички план за Градски парк - Велес – (2008-2013) Општина Велес

Одлука за утврдување на Нацрт Детален урбанистички план за Градски парк – (2008-2013) Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 27.08.2009 година.

Број08-3671/5
02.09.2009 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 24 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр.51/05 и 137/07) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 27.08.2009 година, донесе

О Д Л У К А
за утврдување на Нацрт детален урбанистички план за Градски парк - Велес -(2008-2013) - општина Велес

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Велес утврдува Нацрт детален

урбанистички план за Градски парк - Велес - (2008-2013) - општина Велес.

По утврдувањето на Нацрт детален урбанистички план за Градски парк - Велес - (2008-2013) - општина Велес Градоначалникот ќе организира Јавна презентација и Јавна анкета.

Член 2

Јавната презентација и Јавната анкета ќе се спроведат со изложување на планот во кругот на месната самоуправа и во просториите на Општината.

Времето на изложување на планот за Јавна анкета и денот на одржување на Јавната презентација, ќе биде објавено со соопштение до јавните гласила и печатен медиум.

Член 3

По спроведената Јавна презентација и Јавна анкета се изготвува Извештај за прифатените и неприфатените забелешки од страна на Стручна комисија формирана од Градоначалникот.

Извештајот е составен дел на Одлуката за донесување на Предлог-планот.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-3624/6
31.08.2009 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

207.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за утврдување на Нацрт Детален урбанистички план за локалитет дел од УЕ„7“, дел од УБ„40“ – (2009-2014) Општина Велес

Се објавува Одлуката за утврдување на Нацрт Детален урбанистички план за локалитет дел УЕ„7“, дел од УБ„40“ – (2009-2014) Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 27.08.2009 година.

Број 08-3671/6
02.09.2009 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 24 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ" бр.51/05 и 137/07 и 91/09) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 27.08.2009 година, донесе

О Д Л У К А
за утврдување на Нацрт детален урбанистички план за локалитет дел од УЕ „7", дел од УБ „40", (2009-2014) Велес - општина Велес

Член 1

Со оваа Одлука Советот на

Општина Велес утврдува Нацрт детален урбанистички план за локалитет дел од УЕ „7", дел од УБ „40", (2009-2014) Велес - општина Велес.

По утврдувањето на Нацрт детален урбанистички план за локалитет дел од УЕ „7", дел од УБ „40", (2009-2014) Велес - општина Велес Градоначалникот ќе организира Јавна презентација и Јавна анкета.

Член 2

Јавната презентација и Јавната анкета ќе се спроведат со изложување на планот во кругот на месната самоуправа и во просториите на Општината.

Времето на изложување на планот за Јавна анкета и денот на одржување на Јавната презентација, ќе биде објавено со соопштение до јавните гласила и печатен медиум.

Член 3

По спроведената Јавна презентација и Јавна анкета се изготвува Извештај за прифатените и неприфатените забелешки од страна на Стручна комисија формирана од Градоначалникот.

Извештајот е составен дел на Одлуката за донесување на Предлог-планот.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 07-3624/7
31.08.2009 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р

208.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за не донесување на Одлука за утврдување Нацрт детален урбанистички план УЕ 3 дел од урбан блок 24 Велес – (2008-2013) Општина Велес

Се објавува Заклучокот за не донесување на Одлука за утврдување Нацрт детален урбанистички план УЕ 3, дел од урбан блок 24 Велес (2008-2013) Општина Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 27.08.2009 година.

Број08-3671/7
02.09.2009 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 27.08.2009 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за не донесување на Одлука за утврдување на Нацрт план УЕ 3 дел од урбан блок 24 Велес - (2008-2013) Општина Велес

1. Советот на Општина Велес не ја донесе Одлуката за утврдување на

Нацрт план УЕ 3 дел од урбан блок 24 Велес – (2008-2013) Општина Велес.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 07-3624/8
31.08.2009 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

209.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за утврдување на Нацрт урбанистички план вон населено место за Езеро Младост на локалитет КО Башино Село и дел од КО Отовица (2009-2014) Општина Велес

Се објавува Одлуката за утврдување на Нацрт урбанистички план вон населено место за Езеро Младост на локалитет КО Башино Село и дел од КО Отовица (2009-2014), што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 27.08.2009 година.

Број 08-3671/8
02.09.2009 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 24 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ” бр.51/05 и 137/07 и 91/09) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ” бр.5/02),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 27.08.2009 година, донесе

О Д Л У К А
за утврдување на Нацрт урбанистички план вон населено место за Езеро Младост на локалитет КО Башино Село и дел од КО Отовица (2009-2014) - општина Велес

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Велес утврдува Нацрт урбанистички план вон населено место за Езеро Младост на локалитет КО Башино Село и дел од КО Отовица (2009-2014) - општина Велес.

По утврдувањето на Нацрт урбанистички план вон населено место за Езеро Младост на локалитет КО Башино Село и дел од КО Отовица (2009-2014) - општина Велес Градоначалникот ќе организира Јавна презентација и Јавна анкета.

Член 2

Јавната презентација и Јавната анкета ќе се спроведат со изложување на планот во кругот на месната самоуправа и во просториите на Општината.

Времето на изложување на планот за Јавна анкета и денот на одржување на Јавната презентација, ќе биде објавено со соопштение до јавните гласила и печатен медиум.

Член 3

По спроведената Јавна презентација и Јавна анкета се изготвува Извештај за прифатените и неприфатените забелешки од страна на Стручна комисија формирана од Градоначалникот.

Извештајот е составен дел на Одлуката за донесување на Предлог-планот.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-3624/9
31.08.2009 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р

210.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за висината на надоместокот за поставување на натписи рекламни табли во заштитниот појас на општински пат,приклучување на пристапен пат на општински пат, поставување на инсталации на трупот на патот и патниот појас на општински пат и улици, изградба и користење на комецријални објекти на кој е дозволен пристап на општински пат надвор од населено место,за прекумерно користење на општински пат и улици, за вонреден превоз и штета на општински пат и улици и објекти на патот

Се објавува Одлуката за висината на надоместокот за поставување на натписи рекламни табли во заштитниот појас на општински пат, приклучување на пристапен пат на општински пат,

поставување на инсталации на трупот на патот и патниот појас на општински пат и улици, изградба и користење на комецријални објекти на кој е дозволен пристап на општински пат надвор од населено место,за прекумерно користење на општински пат и улици, за вонреден превоз и штета на општински пат и улици и објекти на патот, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 27.08.2009 година.

Број08-3671/9
02.09.2009 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 62 од Законот за јавните патишта (Службен весник на РМ бр.84/08 и 52/09) член 22, став 1, точка1 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/02) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес (Службен гласник на Општина Велес бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 27.08.2009 година донесе

О Д Л У К А
за висината на надоместокот за поставување на натписи рекламни табли во заштитниот појас на општински пат, приклучување на пристапен пат на општински пат, поставување на инсталации во трупот на патот и патниот појас на општински пат и улици, изградба и користење на комерцијални објекти на кој е дозволен пристап на општински пат надвор од населено место, за прекумерно користење на општински пат и улици, за вонреден превоз и штета на општински пат и улици и објектите на патот

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува висината на надоместокот што се плаќа за поставување на натписи рекламни табли во заштитниот појас на општински пат, приклучување на пристапен пат на општински пат, поставување на инсталации во трупот на патот и патниот појас на општински пат и улици, изградба и користење на комерцијални објекти на кој е дозволен пристап на општински пат надвор од населено место, за прекумерно користење на општински пат и улици, за вонреден превоз и штета на општински пат и улици и објектите на патот.

Член 2

За поставување натписи и рекламни табли во заштитниот појас на општинските патишта во Општина Велес се плаќа надоместок и тоа:

- до 1 м2 1100,оо денари - годишно
- од 1м2 до 4м2 2200,оо денари - годишно
- од 4м2 до 10м2 3400,оо денари - годишно
- преку 10м2 4400,оо денари – годишно

Годишните цени се зголемуваат за 10% ако барателот ги наменува истите да ги издава на други корисници.

Член 3

Сопствениците и корисниците на објектите лоцирани во заштитниот појас на општинските патишта или во нивна близина можат да изградат пристапен пат до општински пат, врз основа на дозвола издадена од општината.

Надоместокот за приклучување на пристапен пат до општински пат изнесува 10.000,оо денари.

Член 4

Висината на надоместокот за поставување на инсталации во трупот на патот и на патниот појас изнесува и тоа:

1. Поставување на инсталации во трупот на патот 3.000,оо денари
2. Поставување на инсталации во патниот појас во зависност од должината за која се поставува инсталацијата и тоа:
   - За должина до 1км 3.000,оо денари
   - За должина од 1км до 10 км 6.000,оо денари
   - За должина над 10км 9.000,оо денари.

Дозвола за поставување на инсталации во патниот и заштитниот појас на општинските патишта издава градоначалникот по претходна согласност издадена од надлежниот орган од Општината.

Обврска за плаќање на надоместокот за извршени прекопи на улици и тротоари се однесува за правни лица по чие барање и потреби се врши прекопот. Обврската за плаќање на надоместокот не се однесува за правни лица кои вршат прекопи на улици и тротоари по налог на Општина Велес.

Правното лице кое ќе поднесе барање и ќе добие дозвола е должно да ги изведе градежно земјените работи и завршниот слој согласно техничките прописи и правила за овој вид на работа.

Надзор над изведувањето на работата ќе врши лице ангажирано од страна на Општина Велес. Доколку работата не биде завршена квалитетно општина Велес, ке ангажира трето лице на трошок на барателот на дозволата.

Член 5

Висината на надоместокот за изградба и користење на комерцијални објекти на кои е дозволен пристап на пштински пат надвор од населено место изнесува 6.000,оо денари.

Член 6

Прекумерното користење на општинскиот пат или негов дел е времено или трајно користење на патот на повеќе од 50% од сите извршени превози на патот поради извршување на инвестициони работи или заради вршење на производни или услужни дејности (искористување на камења, руди и сл.)

За прекумерно користење на општински пат и улици се плаќа надоместок кој се утврдува врз основа на просечниот годишен дневен сообраќај на товарните возила со носивост поголема од 10 тона, утврден со најмалку четирикратно броење на сообраќајот на соодветниот пат од страна на комисија формирана од градоначалникот.

Надоместокот изнесува 150,оо денари по возило дневно за секое возило над просекот.

Член 7

Користење на општинските патишта и улици со возило кое празно или заедно со товарот ги надминува пропишаните услови во поглед на димензиите, вкупната тежина и оскиниот притисок се врши врз основа на дозвола за вонреден превоз издадена од градоначалникот на Општина Велес по претходна согласност од Министерството за внатрешни работи.

Надоместокот за вонреден превоз на општинските патишта изнесува за вкупна дозволена маса:

- Од 5,6 тони до 20 тони по 5 денари од тон/км

Преку 20 тони 10 денари од тон/км.

Надоместокот од став 1 на овој член се пресметува така што единечниот износ на надоместокот се множи по должината на релацијата и по бројот на тоните кои ја пречекоруваат вкупната дозволена маса.

За возило кое празно или со товар ја пречекорува дозволената должина, ширина, висина или дозволената маса се издава дозвола на годишно ниво со надомест од 30.000,оо денари, полугодишно од 18.000,оо денари и тромесечно од 12.000,оо денари.

Член 8

Надоместокот за штета сторена на патот ја утврдува комисијата формирана од градоначалникот на основа извршен увид и проценка на сторената штета.

Член 9

Надоместокот од член 1 на оваа одлука општината ке го распредели за изградба, реконструкција, одржување и заштита на општинските патишта и улици.

Член 10

Со влегувањето во сила на оваа Одлука престанува со важност Одлуката за утврдување на надоместок за извршени прекопи на улици, плоштади и тротоари ("Службен гласник на Општина Велес" бр.2/07).

Член 11

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 07-3624/10
31.08.2009 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
Славчо Чадиев с.р.

211.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за симнување на точка од дневен ред

Се објавува Заклучокот за симнување на точка од дневен ред - Точка 10: Предлог-одлука за утврдување на висината на надоместокот на членови на комисии, одбори и други работни тела формирани од Советот и Градоначалникот на Општина Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 27.08.2009 година.

Број08-3671/10
02.09.2009 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 27.08.2009 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за симнување на точка од дневен ред

1. Точката 10 од предложениот дневен ред:

- Предлог-одлуката за утврдување на висината на надоместокот на членови на комисии, одбори и други работни тела формирани од Советот и Градоначалникот на Општина Велес, беше симната од дневниот ред на самата седница на Советот на Општина Велес.

2. Предлог-одлуката ќе биде ставена на дневен ред на една од наредните седници на Советот на Општина Велес.

3. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес"

Број 07-3624/11
31.08.2009 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

212.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за определување на работното време на Локалната библиотека „Гоце Делчев" Велес

Се објавува Одлуката за определување на работното време на Локалната библиотека „Гоце Делчев" Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 27.08.2009 година.

Број08-3671/11
02.09.2009 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на РМ"бр.5/02), и член 56 од Законот за установите ("Сл.весник на РМ"бр.32/05), а согласно член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес ("Сл.гласник на Општина Велес"бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 27.08.2009 година донесе

О Д Л У К А
за определување на работното време на Локалната библиотека „Гоце Делчев" Велес

Со оваа Одлука се определува работното време на Локалната библиотека „Гоце Делчев" Велес.

Член 2

Работното време на Локалната библиотека „Гоце Делчев" Велес за секој работен ден од понеделник до сабота и тоа:

- од понеделник до петок од 8:30 до 21:00 часот;
- сабота од 8:30 до 14:00 часот

Член 3

Се задолжува директорот на Локалната библиотека „Гоце Делчев" Велес да направи распоред за двосменско работење на вработените во библиотеката.

Член 4

Оваа Одлука ќе биде доставена до Локалната библиотека „Гоце Делчев" Велес.

Вработените се должни работното време, утврдено со оваа Одлука, да го истакнат на видно место на влезовите во установата.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес", а ќе се применува од 1-ви септември 2009 година.

Број 07-3624/12
31.08.2009 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р

213.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за симнување на точка од дневен ред

Се објавува Заклучокот за симнување на точка од дневен ред – Точка 12: - Предлог-програма за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежното

земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2009 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 27.08.2009 година.

Број08-3671/12
02.09.2009 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 27.08.2009 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за симнување на точка од дневен ред

1. Точката 12 од предложениот дневен ред: - Предлог-програмата за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежното земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2009 година, беше симната од дневниот ред на самата седница на Советот на Општина Велес.

2. Предлог-програмата ќе биде ставена на дневен ред на една од наредните седници на Советот на Општина Велес.

3. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“

Број 07-3624/13
31.08.2009 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

214.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за не донесување на Решение за распределба на средствата за поддршка на спортот во Општина Велес за 2009 година

Се објавува Заклучокот за не донесување на Решението за распределба на средствата за поддршка на спортот во Општина Велес за 2009 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 27.08.2009 година.

Број08-3671/13
02.09.2009 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 27.08.2009 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за не донесување на Решение за распределба на средствата за поддршка на спортот во Општина Велес за 2009 година

1. Советот на Општина Велес не го донесе Решението за распределба на средствата за поддршка на спортот во Општина Велес за 2009 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“

Број 07-3624/14
31.08.2009 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

215.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за не донесување на Решение за давање согласност на Правилникот за организација и систематизација на работните места на Општинската јавна установа Детска градинка „Димче Мирчев“

Се објавува Заклучокот за не донесување на Решението за давање согласност на Правилникот за организација и систематизација на работните места на Општинската јавна установа Детска градинка „Димче Мирчев“, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 27.08.2009 година.

Број08-3671/14
02.09.2009 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 27.08.2009 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за не донесување на Решение за давање согласност на Правилникот за организација и систематизација на Работните места на Општинската јавна установа Детска градинка „Димче Мирчев“

1. Советот на Општина Велес не го донесе Решението за давање согласност на Правилникот за организација и систематизација на работните места на Општинската јавна установа Детска градинка „Димче Мирчев“.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“

Број 07-3624/15
31.08.2009 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

216.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Решение за разрешување и именување на претставник од Општина Велес – член во Училишниот одбор на Општинското основно училиште „Васил Главинов“

Се објавува Решението за разрешување и именување на претставник од Општина Велес – член во Училишниот одбор на Општинското основно училиште „Васил Главинов“, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 27.08.2009 година.

Број08-3671/15
02.09.2009 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 124, став 2 и 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за основното образование („Сл.весник на РМ“ бр.103/08) и член 41 од Деловникот на Општина Велес („Сл. Гласник на Општина Велес“ бр.12/07),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 27.08.2009
година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за разрешување и именување на претставник од Општина Велес – член во Училишниот одбор на Општинското основно училиште „Васил Главинов“ Велес

1. Од претставници од Општина Велес за членови во Училишниот одбор на Општинското основно училиште „Васил Главинов“ Велес се разрешува:

- Горан Здравковски

2. За претставник од Општина Велес за член во Училишниот одбор на Општинското основно училиште „Васил Главинов“ Велес се именува:

- Љубица Темелкова

3. Ова Решение влегува во наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-3624/16
31.08.2009 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

217.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за усвојување на Извештај за работата на претпријатието за период од I-III месец 2009 година на ЈКП „Дервен“ Велес

Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за работата на претпријатието за период од I-III месец 2009 година на ЈКП „Дервен“ Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 27.08.2009 година.

Број08-3671/16
02.09.2009 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 27.08.2009 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Извештај за работата на претпријатието за периодот од I-III месец 2009 година на ЈКП „Дервен“ Велес

1. Советот на Општина Велес го усвои Извештајот за работата на претпријатието за период од I-III месец 2009 година на ЈКП „Дервен“ Велес.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-3624/17
31.08.2009 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

218.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за разгледување на Информација за работата на Полициската станица Велес за периодот јануари-јуни 2009 година

Се објавува Заклучокот за разгледување на Информацијата за работата на Полициската станица Велес за периодот јануари-јуни 2009 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 27.08.2009 година.

Број08-3671/17
02.09.2009 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 27.08.2009 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за разгледување на Информација за работата на Полициската станица Велес за периодот јануари-јуни 2009 година

1. Советот на Општина Велес ја разгледа Информацијата за работата на Полициската станица Велес за периодот јануари-јуни 2009 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-3624/18
31.08.2009 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р

219.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за усвојување на Елаборат за процена на штета од елементарна непогода која ја зафати Општина Велес во периодот од 02.06 – 01.07.2009

Се објавува Заклучокот за усвојување на Елаборатот за процена на штета од елементарна непогода која ја зафати Општина Велес во периодот од 02.06. – 01.07.2009, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 27.08.2009 година.

Број08-3671/18
02.09.2009 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 27.08.2009 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за Усвојување на Елаборат за процена на штета од елементарна непогода која ја зафати Општина Велес во период од 02.06 - 01.07.2009 година

1. Советот на Општина Велес го усвои Елаборатот за проценка на штета од елементарна непогода која ја зафати Општина Велес во период од 02.06. – 01.07.2009 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-3624/19
31.08.2009 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

Бр на акт **Страница**

137	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Велес за I и II квартал 2009 година**	202
	З А К Л У Ч О К за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Велес за I и II квартал 2009 година	
138	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за симнување на точка од дневен ред**	203
	З А К Л У Ч О К за симнување на точка од дневен ред	
138	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за изменување и дополнување на Генерален урбанистички план на град Велес, дел од УЕ „7“, УБ „42“ (2008-2018) Општина Велес**	204
	ОДЛУКА за Донесување на Изменување и дополнување на Генерален урбанистички план на град Велес, дел од УЕ „7”, УБ „42” (2008-2018)-општина Велес	
139	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за симнување на точка од дневен ред**	205
	З А К Л У Ч О К за симнување на точка од дневен ред	
140	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за утврдување на Нацрт Детален урбанистички план за Градски парк - Велес – (2008-2013) Општина Велес**	206
	О Д Л У К А за утврдување на Нацрт детален урбанистички план за Градски парк - Велес -(2008-2013) - општина Велес	
140	**З А К Л У Ч О Кза објавување на Одлука за утврдување на Нацрт Детален урбанистички план за локалитет дел од УЕ„7“, дел од УБ„40“ – (2009-2014) Општина Велес**	207
	О Д Л У К А за утврдување на Нацрт детален урбанистички план за локалитет дел од УЕ „7”, дел од УБ „40”, (2009-2014) Велес - општина Велес	
141	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за не донесување на Одлука за утврдување Нацрт детален урбанистички план УЕ 3 дел од урбан блок 24 Велес – (2008-2013) Општина Велес**	208
	З А К Л У Ч О К за не донесување на Одлука за утврдување на Нацрт план УЕ 3 дел од урбан блок 24 Велес - (2008-2013) Општина Велес	

Бр на акт **Страница**

209	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за утврдување на Нацрт урбанистички план вон населено место за Езеро Младост на локалитет КО Башино Село и дел од КО Отовица (2009-2014) Општина Велес** **О Д Л У К А за утврдување на Нацрт урбанистички план вон населено место за Езеро Младост на локалитет КО Башино Село и дел од КО Отовица (2009-2014) - општина Велес**	**142**
210	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за висината на надоместокот за поставување на натписи рекламни табли во заштитниот појас на општински пат,приклучување на пристапен пат на општински пат, поставување на инсталации на трупот на патот и патниот појас на општински пат и улици, изградба и користење на комецријални објекти на кој е дозволен пристап на општински пат надвор од населено место,за прекумерно користење на општински пат и улици, за вонреден превоз и штета на општински пат и улици и објекти на патот** **О Д Л У К А за висината на надоместокот за поставување на натписи рекламни табли во заштитниот појас на општински пат, приклучување на пристапен пат на општински пат, поставување на инсталации во трупот на патот и патниот појас на општински пат и улици, изградба и користење на комерцијални објекти на кој е дозволен пристап на општински пат надвор од населено место, за прекумерно користење на општински пат и улици, за вонреден превоз и штета на општински пат и улици и објектите на патот**	**142**
211	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за симнување на точка од дневен ред** **З А К Л У Ч О К за симнување на точка од дневен ред**	**144**
212	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за определување на работното време на Локалната библиотека „Гоце Делчев“ Велес** **О Д Л У К А за определување на работното време на Локалната библиотека „Гоце Делчев“ Велес**	**145**
213	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за симнување на точка од дневен ред** **З А К Л У Ч О К за симнување на точка од дневен ред**	**145**
214	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за не донесување на Решение за распределба на средствата за поддршка на спортот во Општина Велес за 2009 година**	**146**

Бр на акт **Страница**

З А К Л У Ч О К за не донесување на Решение за распределба на средствата за поддршка на спортот во Општина Велес за 2009 година

215 **З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за не донесување на Решение за давање согласност на Правилникот за организација и систематизација на работните места на Општинската јавна установа Детска градинка „Димче Мирчев“** **147**

З А К Л У Ч О К за не донесување на Решение за давање согласност на Правилникот за организација и систематизација на Работните места на Општинската јавна установа Детска градинка „Димче Мирчев“

216 **З А К Л У Ч О К за објавување на Решение за разрешување и именување на претставник од Општина Велес – член во Училишниот одбор на Општинското основно училиште „Васил Главинов“** **147**

Р Е Ш Е Н И Е за разрешување и именување на претставник од Општина Велес – член во Училишниот одбор на Општинското основно училиште „Васил Главинов“ Велес

217 **З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за усвојување на Извештај за работата на претпријатието за период од I-III месец 2009 година на ЈКП „Дервен“ Велес** **148**

З А К Л У Ч О Кза усвојување на Извештај за работата на претпријатието за периодот од I-III месец 2009 година на ЈКП „Дервен“ Велес

218 **З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за разгледување на Информација за работата на Полициската станица Велес за периодот јануари-јуни 2009 година** **148**

З А К Л У Ч О К за разгледување на Информација за работата на Полициската станица Велес за периодот јануари-јуни 2009 година

219 **З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за усвојување на Елаборат за процена на штета од елементарна непогода која ја зафати Општина Велес во периодот од 02.06 – 01.07.2009** **149**

З А К Л У Ч О К за Усвојување на Елаборат за процена на штета од елементарна непогода која ја зафати Општина Велес во период од 02.06 - 01.07.2009 година

Издавач: Општина Велес, телефон 232-406, 232-966,

Буџет на Општина Велес
Сметка: 100000000063095 Народна банка на РМ
Сметка на буџетски корисник: 711014100963010
Приходна шифра и програма 725939 - 00